СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
**за работењето на Стопанска банка а.д. Битола**
**за 2017 година**

**Битола, март 2018 година**

**Почитувани клиенти, акционери и деловни соработници,**

Во текот на 2017 година Стопанска банка а.д. Битола првенствено се фокусираше кон креирање дополнителна вредност како за клиентите така и за Банката преку: понуда на атрактивни депозитни производи, солидна кредитна поддршка на населението и корпоративниот сектор со прифатливо ниво на ризик, одржување оптимални стапки на ликвидност и адекватност на капиталот, како и негување добри деловни односи со клиентите, деловните соработници и акционерите, притоа доследно почитувајќи ја законската и подзаконската регулатива.

Во едно динамично окружување во кое доминираа воздржана инвестициона активност, политичка неизвесност и генерално економска несигурност, Банката покажа висок степен на респонзивност на промените и успеа да оствари солиден позитивен финансиски резултат, односно **добивка пред оданочување во износ од 46,38 милиони денари**. Со тоа беше постигната **стапка на поврат на капиталот од 3,32%** и **стапка на поврат на активата од 0,39%.**

Паралелно со добриот перформанс во билансот на успех, раст беше остварен и кај клучните позиции на страната на средствата и изворите. Така, **вкупната актива на Банката порасна за 4,66%** на годишна основа, **кредитите се зголемија за 10,36%,** додека **депозитите пораснаа за 5,30%.** Силната капитална позиција останува една од главните одлики на Банката со **стапка на адекватност на капиталот од 17,52%.** Ваквите податоци се уште една потврда за посветеноста на Банката да делува како партнер од доверба и верен поддржувач на активностите на нашите клиенти правни лица и домаќинства, да негува добри деловни односи со соработниците, да ја зголемува вредноста на капиталот и да придонесува за раст и развој на економијата во целост. Паралелно со доброто остварување кај клучните показатели, Банката успеа да ја зајакне и позицијата во рамки на банкарскиот сектор и групата средни банки, што е одраз на добропоставени стратегиски и деловни цели, јасна визија и мисија, стручно раководство и посветеност на менаџментот и вработените кон остварување на поставените цели. Изминатата година напорно се работеше и на следење на модерните банкарски трендови и анализа на потребите на клиентите, што резултираше со воведување нови производи и услуги и унапредување на перформансот на постојните.

Во идниот период Банката ќе продолжи да го поддржува развојот на бизнис-заедницата, да одговара на потребите на домаќинствата, да го оплодува акционерскиот капитал и да придонесува кон развојот на економијата.

На крај, изразуваме огромна благодарност до сите наши клиенти, деловни соработници, акционери, менаџментот и вработените, кои дадоа придонес за досегашното успешно работење на Банката.

Со почит,

**г. Владимир Ефтимоски**
**претседател на Управен одбор**

**г. Ненад Јосифовиќ**
**претседател на Надзорен одбор**

## Содржина:

**Клучни показатели за работењето на Стопанска банка а.д. Битола ... 3**

**1. Макроекономско окружување и законска регулатива ... 4**

**2. Финансиско работење ... 6**

2.1. Финансиска состојба ... 6

2.2. Финансиски резултат ... 9

2.3. Пазарна позиција ... 11

**3. Деловно работење ... 12**

3.1. Работа со правни лица ... 12

3.2. Работа со физички лица и мрежа на експозитури ... 14

3.3. Правни работи и управување со Кабинет на УО ... 15

3.4. Управување со ризици ... 15

3.5. Поддршка, финансии и управување со ликвидност ... 20

3.6. Усогласеност со прописи, човечки ресурси, АМЛ и ОСИС лице ... 22

3.7. Процесирање, платен промет и картично работење ... 23

3.8. Управување со имот и безбедност ... 26

3.9. Организација и ИТ ... 27

3.10. Маркетинг ... 27

3.11. Внатрешна ревизија ... 29

**4. Извештај за корпоративно управување ... 30**

4.1. Собрание на акционери ... 30

4.2. Надзорен одбор ... 31

4.3. Организациска структура ... 32

4.4. Одбор за ревизија ... 33

4.5. Одбор за управување со ризици ... 33

4.6. Управен одбор ... 34

4.7. Одбор за надгледување на информативната технологија ... 35

4.8. Усогласување на корпоративното управување со Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола ... 36

4.9. Политика за идентификување на потенцијалните судири на интереси ... 37

**Прилог 1 ... 39**

**Прилог 2 ... 42**

| КЛУЧНИ ПОКАЗАТЕЛИ за работењето на Стопанска банка а.д. Битола (во илјади денари и %) | 31.12.2016 | 31.12.2017 | Годишна промена | |
|---|---|---|---|---|
| **Финансиска состојба** | | | | |
| Вкупна актива | 10.580.550 | 11.073.858 | 4,66% | |
| Нето кредити | 6.101.625 | 6.733.936 | 10,36% | |
| Вкупни депозити | 7.764.874 | 8.176.448 | 5,30% | |
| Капитал и резерви | 1.277.436 | 1.294.384 | 1,33% | |
| Нето кредити/вкупни депозити | 78,58% | 82,36% | 3,78 | пп |
| Преземен имот/вкупна актива | 1,08% | 0,49% | -0,59 | пп |
| Нето кредити/ вкупна актива | 57,67% | 60,81% | 3,14 | пп |
| Вкупни депозити/вкупна актива | 73,39% | 73,84% | 0,45 | пп |
| **Квалитет на кредитно портфолио** | | | | |
| (В,Г и Д)/Вкупна кредитна изложеност | 2,40% | 2,75% | 0,35 | пп |
| Д/Вкупна кредитна изложеност | 1,30% | 1,27% | -0,03 | пп |
| Д/Сопствени средства | 9,80% | 10,01% | 0,21 | пп |
| Пресметана исправка на вредност и посебна резерва/Вкупна кредитна изложеност | 2,30% | 2,51% | 0,21 | пп |
| Нефункционални кредити/Вкупни кредити (кредити кон нефинансиски субјекти) | 2,29% | 2,56% | 0,27 | пп |
| Покриеност на нефункционалните кредити со исправката на вредност за нефункционални кредити (нефинансиски субјекти) | 94,60% | 86,16% | -8,44 | пп |
| **Профитабилност и ефикасност** | | | | |
| Финансиски резултат пред оданочување (бруто) | 35.349 | 46.375 | 31,19% | |
| Финансиски резултат по оданочување (нето) | 30.067 | 43.013 | 43,06% | |
| Стапка на поврат на капиталот (ROE) по оданочување | 2,35% | 3,32% | 0,97 | пп |
| Стапка на поврат на активата (ROA) по оданочување | 0,28% | 0,39% | 0,10 | пп |
| Оперативни трошоци/вкупни редовни приходи (Cost-to-income) | 81,70% | 78,79% | -2,91 | пп |
| Исправка на вредност за финансиски и нефинансиски средства/Нето каматен приход | 18,68% | 10,60% | -8,09 | пп |
| Нето каматен приход/Вкупни редовни приходи | 63,15% | 65,34% | 2,19 | пп |
| Трошоци за вработени/Вкупни редовни приходи | 39,55% | 37,31% | -2,24 | пп |
| Нето каматна маргина | 3,12% | 3,55% | 0,43 | пп |
| **Капитализираност** | | | | |
| Сопствени средства | 1.277.435 | 1.294.384 | 1,33% | |
| Стапка на адекватност на капиталот | 18,29% | 17,52% | -0,77 | пп |
| Основен капитал/Актива пондерирана по ризици | 17,81% | 17,52% | -0,29 | пп |
| Редовен основен капитал/Актива пондерирана по ризици | | 17,52% | 17,52 | пп |
| **Пазарно учество** | | | | |
| Вкупна актива | 2,38% | 2,40% | 0,02 | пп |
| Бруто кредити на нефинансиски субјекти | 2,23% | 2,33% | 0,10 | пп |
| Депозити од нефинансиски субјекти | 2,02% | 2,05% | 0,03 | пп |
| **Останати податоци*** | | | | |
| Број на експозитури и шалтери** | 20 | 20 | 0 | |
| Број на банкомати | 38 | 41 | 3 | |
| Број на вработени | 231 | 227 | -4 | |
| Просечна годишна цена на тргувани акции на СТББТ | 1,13 | 1,67 | 47,35% | |
| Книговодствена вредност по акција | 3,27 | 3,31 | 1,33% | |
| Заработка по акција | 0,08 | 0,11 | 43,06% | |

* Годишна промена во број и процент.
** Една експозитура е во фаза на реновирање.

## 1. Макроекономско окружување и законска регулатива

Она што ја одбележа 2017 година на глобално ниво е понатамошно зајакнување на економската активност, во услови на присутна неизвесност околу ефектите од Брегзит, ефектите од постепено нормализирање на монетарната политика на Европска централна банка (ЕЦБ) и намалување на обемот на квантитативно олеснување од страна на ЕЦБ, како и изразените геополитички ризици.

Податоците за **еврозоната**, како главен трговски партнер на Македонија, упатуваат на годишна стапка на инфлација од 1,4% на крајот од 2017 година[1], при што бруто-домашниот производ (БДП) на крајот на третиот квартал од 2017 година забележа годишен раст од 2,5%, главно придвижен од потрошувачката на домаќинствата и инвестициите. Стапката на невработеност на крајот од 2017 година се спушти на 8,7%, што претставува најниско ниво во последните неколку години. Стапката на вработеност во еврозоната достигна годишен раст од 1,7%.

Во текот на 2017 година, основните каматни стапки на ЕЦБ (каматни стапки на депозитите преку ноќ, кредити преку ноќ и операции за рефинансирање) се задржаа непроменети во однос на последните измени од 2016 година. Истовремено, ЕЦБ ја продолжи примената на неконвенционални мерки за монетарно олабавување, така што во текот на 2017 година продолжија да функционираат програмите за откуп на хартии од вредност, но во помал просечен месечен обем од околу 60 милијарди евра почнувајќи од март 2017 година.

**Нето откуп на хартии од вредност од страна на ЕЦБ**




Извор: ЕЦБ

Што се однесува на **домашната економија**, економската активност се одвиваше во услови на изразена политичка нестабилност во првата половина од 2017 година, со стабилизација во втората половина од годината. Одразувајќи ја воздржаноста од инвестиции, во првиот квартал од 2017 година не беше регистриран раст на економијата, во вториот квартал стапката на раст на реалниот БДП навлезе во негативна зона од -1,3%, за на крајот од третиот квартал да забележи благ раст од 0,2%, укажувајќи на постепено враќање на довербата кај економските субјекти. Најголем придонес кон ваквиот раст имаа: трговијата, финалната потрошувачка на домаќинствата и извозот. Стапката на инфлација во 2017 година, во просек на кумулативна основа, изнесуваше 1,4% и истата главно беше условена од раст на цените на енергијата и храната. Базичната инфлација исто така забележа благ нагорен тренд. Буџетскиот биланс како процент од БДП заклучно со третиот квартал од 2017 година достигна -0,4%, додека стапката на невработеност изнесуваше 22,1%.

Од аспект на надворешнотрговските индикатори, во третиот квартал од 2017 година на тековната сметка беше евидентиран суфицит од 174,9 милиони евра, што претставува 6,7% од БДП. Бруто-надворешниот долг изнесуваше 7 710,2 милиони евра, а нето-директните инвестиции забележаа опаѓачки тренд, така што заклучно со третиот квартал од

[1]EUROSTAT, Selected Principal European Economic Indicators.
http://ec.europa.eu/eurostat/web/euro-indicators

2017 година беа негативни во износ од 50,2 милиони евра. Во последниот квартал од годината директните инвестиции влегоа во позитивна зона во износ од 178,1 милиони евра.

Во поглед на монетарните показатели, годишната промена кај кредитите на нефинансиски субјекти изнесува 5,9%, додека просечната пондерирана каматна стапка на кредити достигна 5,7% по надолниот тренд во текот на годината. Депозитите од нефинансиски субјекти забележаа годишен раст од 5,1%, а просечната пондерирана каматна стапка на депозити, исто како и кај кредитите, регистрираше надолни придвижувања достигнувајќи 1,5% на крајот од 2017 година.

**Табела 1 – Основни макроекономски показатели за Р Македонија за 2017 година**

| | 2016 | 1Q 2017 | 2Q 2017 | 3Q 2017 | 4Q 2017 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основни економски и надворешно-трговски показатели** | | | | | |
| **БДП** (тековни цени, во милиони денари) | 598.881 | 142.933 | 151.224 | 159.746 | |
| БДП (стапка на реален раст, во %) | 2,9 | 0 | -1,3 | 0,2 | |
| **Инфлација** COICOP (просек на кумулативна основа, во %) | -0,2 | 0,5 | 0,9 | 1,1 | 1,4 |
| **Буџетски биланс** (% од БДП) | -2,6 | -0,6 | -0,8 | -0,4 | |
| Извоз на стоки (во милиони евра) | 4.329,3 | 1.148,6 | 1.270,9 | 1.263,0 | 1.324,7 |
| Увоз на стоки (во милиони евра) | 6.106,7 | 1.583,8 | 1.721,7 | 1.648,8 | 1.870,6 |
| **Покриеност на увозот со извоз** (во %) | 70,9 | 72,5 | 73,8 | 76,6 | 70,8 |
| **Салдо на тековната сметка** во Билансот на плаќања (во милиони евра) | -265 | -140,1 | -95,5 | 174,9 | -69,6 |
| Салдо на тековната сметка во Билансот на плаќања (% од БДП) | -2,7 | -6 | -3,9 | 6,7 | |
| **Директни инвестиции** (нето, во милиони евра) | 316,9 | 111,6 | -10,8 | -50,2 | 178,1 |
| Директни инвестиции (нето, % од БДП) | 3,3 | 4,8 | -0,4 | -1,9 | |
| **Бруто надворешен долг** (во милиони евра, крај на период) | 7.216,6 | 7.786,8 | 7.786,8 | 7.710,2 | |
| Бруто надворешен долг (% од БДП) | 74,2 | 76,2 | 76,2 | 75,5 | |
| **Стапка на невработеност** (во %) | 23,7 | 22,9 | 22,6 | 22,1 | |
| **Основни монетарни показатели** | | | | | |
| **Кредити на нефинансиски субјекти** (годишна промена, во %) | 1,2 | 0,4 | 4,3 | 4,3 | 5,9 |
| Просечни пондерирани каматни стапки на кредити | 6,2 | 6,1 | 6,0 | 5,9 | 5,7 |
| **Депозити од нефинансиски субјекти** (годишна промена, во %) | 5,4 | 4,0 | 7,6 | 5,6 | 5,1 |
| Просечни пондерирани каматни стапки на депозити | 1,8 | 1,7 | 1,6 | 1,5 | 1,5 |

Извор: НБРМ и Државен завод за статистика

Во текот на 2017 година, НБРМ континуирано ги следеше случувањата и показателите во домашната економија, економијата на еврозоната, како и глобалната економија, притоа приспособувајќи ја монетарната политика на промените во окружувањето. Така, во јануари 2017 година, НБРМ ја намали каматната стапка на благајничките записи од 3,75% на 3,50%, додека следниот месец беше направена уште една надолна корекција за 0,25 п.п., по што во остатокот од годината основната каматната стапка се задржа на нивото од 3,25%. Ваквото намалување ја одразуваше оцената на НБРМ за постепено стабилизирање на очекувањата на економските субјекти и на растот на структурната ликвидност на

банкарскиот сектор. Каматните стапки на депозитите на седум дена и прекуноќните депозити останаа непроменети.

Заради усогласување со измените во Законот за банките од октомври 2016 година, усогласување со Базелската капитална спогодба - Базел 3 и усогласување со европската регулатива, НБРМ во текот на 2017 година донесе низа одлуки, меѓу кои како позначајни ги издвојуваме следните:

- Одлука за методологијата за идентификување на системски значајни банки;
- Одлука за методологијата за изработка на план за заздравување на системски значајни банки;
- Одлука за методологијата за утврдување на стапката на противцикличен заштитен слој на капиталот;
- Одлука за методологијата за утврдување максимален износ на распределба на резултатот од работењето;
- Одлука за методологијата за управување со ризикот на задолженост.

Воедно, НБРМ одлучи да се продолжи за дополнителни две години примената на нестандардната мерка за намалување на основата за задолжителна резерва на банките во денари за износот на новоодобрени кредити на нето-извозници и домашни производители на електрична енергија.

Во насока на имплементација на Меѓународниот стандард за финансиско известување – МСФИ 9 во домашната регулатива, НБРМ направи измена во: Одлука за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи, Одлука за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и Одлуката за сметковниот (контниот) план за банките со примена од 1.1.2018 година.

Покрај промените во регулативата на НБРМ, измени и дополнувања имаше и кај дел од законите, меѓу кои: Закон за платниот промет, Закон за вршење на сметководствени работи, Закон за персонален данок на доход.

## 2. Финансиско работење

Во текот на 2017 година, работењето на Стопанска банка а.д. Битола (во понатамошниот текст: Банката) се одвиваше во услови на зголемена неизвесност генерирана од економски и неекономски фактори. Сепак, Банката успешно го прилагоди своето работење на промените во окружувањето вложувајќи максимални напори за понуда на производи и услуги кои ќе одговараат на финансиските потреби на клиентите. Резултатот беше раст кај клучните позиции од билансот на состојба и успех, како и зајакнување на пазарното учество.

### 2.1. Финансиска состојба

Вкупниот биланс на Банката на 31.12.2017 година (без комисионото работење) достигна вредност од 11 073,86 милиони денари, што претставува раст од 4,66% во однос на 31.12.2016 година. Зголемувањето на вкупната билансна сума во тековната година пред сè е резултат на раст на депозитниот потенцијал и негово насочување кон поддршка на населението и на стопанството преку одобрените кредити со прифатливото ниво на ризик.

Остварувањето, годишните промени и структурата на позначајните позиции од **<u>активата на Билансот на состојба</u>** се следни:

**Табела 2: Динамика и структура на позначајни позиции од активата на Билансот на состојба**

| (во 000 денари) | 31.12.2016 | 31.12.2017 | Годишна промена | | Структура | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | износ | % | 2016 | 2017 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 3.673.409 | 3.496.737 | -176.672 | -4,81% | 34,72% | 31,58% |
| Кредити | 6.101.625 | 6.733.936 | 632.311 | 10,36% | 57,67% | 60,81% |
| Вложувања во хартии од вредност | 153.678 | 296.928 | 143.250 | 93,21% | 1,45% | 2,68% |
| Преземен имот | 113.963 | 54.493 | -59.471 | -52,18% | 1,08% | 0,49% |
| Недвижности и опрема | 460.113 | 419.419 | -40.694 | -8,84% | 4,35% | 3,79% |
| Нематеријални средства | 32.272 | 40.472 | 8.200 | 25,41% | 0,31% | 0,37% |
| Останати средства | 45.489 | 31.874 | -13.616 | -29,93% | 0,43% | 0,29% |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **10.580.550** | **11.073.858** | **493.308** | **4,66%** | **100,00%** | **100,00%** |

**Паричните средства и паричните еквиваленти** бележат намалување од 176,67 милиони денари, односно 4,81%, што главно се должи на помал износ на депозити во НБРМ. За сметка на ваквото намалување, зголемени се **вложувањата во хартии од вредност**, односно државни записи како ликвидна и нискоризична каматоносна позиција со повисок принос.




**Кредитите на клиенти** се зголемени за 623,31 милиони денари, односно 10,36% на годишна основа. Притоа, подинамичен раст од 16,41% имаа кредитите на население во согласност со стратегиските определби на Банката за дисперзија на ризик. Солиден годишен раст од 6,60% е остварен и во сегментот корпоративно кредитирање.




**Преземениот имот** на крајот од 2017 година изнесува 54,49 милиони денари, што претставува помал износ за 52,18% споредено со 31.12.2016 година. Намалувањето во оваа позиција е резултат на комбинирани напори за подобро управување и следење на одобрените кредитни изложености, активности за продажба на преземениот имот и издвојување загуба за оштетување на преземениот имот во согласност со регулативата на НБРМ.

**Недвижностите и опремата** се пониски за 8,84% како резултат на пресметана амортизација и продажба на градежни објекти за кои Банката оцени дека нема да ѝ бидат во функција за извршување на дејноста.

**Нематеријалните средства** изнесуваат 40,47 милиони денари со годишен раст од 25,41%, што се должи на континуирани активности за надградба и развој на ИТ-системот.